**Известување за концентрација со која Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед Ирска стекнува контрола врз Макс Бет д.о.о. Нови** Сад, Србија
**(предмет бр. 08-143/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед (Flutter Entertainment Holdings Ireland Limited), Ирска, со регистрирано седиште на Белфилд Офис Парк, Биич Хил Роуд, Клонскиг, Даблин 4, Даблин D04 V972, Ирска, над Макс Бет д.о.о. Нови Сад (Max Bet d.o.o. Novi Sad), со регистрирано седиште на Кисачка 82, Нови Сад, Србија.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности

**Флуттер Ентертејнмент Холдингс Ајрленд Лимитед** припаѓа на Флуттер групацијата на друштва („**Флуттер Групацијата**").

Флуттер Групацијата е група на друштва кои се активни на глобално ниво во секторот на спортско обложување и организирање на игри (гејминг активности). Флуттер Групацијата има четири оддели:

- Обединето Кралство & Ирска, фокусиран на спортско обложување и брендови за играње во Обединетото Кралство („ОК") и Ирска кое претежно работи онлајн (но и преку обложувалници во ОК и Ирска);
- Австралија, кој се состои од онлајн бренд на спортско обложување Спортсбет (Sportsbet), корпоративен букмејкер во Австралија;
- САД, кој се состои од ФанДуел (FanDuel), ТВГ (TVG) и ПокерСтарс (PokerStars). Одделот поседува разновидна понуда на производи на онлајн и малопродажни билтени за спортско обложување, онлајн игри, покер, напредно обложување на депозит во коњски трки и ТВ емитување;
- Меѓународен, кој управува со брендовите ПокерСтарс (PokerStars), ПокерСтарс Казино (PokerStars Casino), ПокерСтарс Спортс (PokerStars Sports), Бетфеер Интернешнл (Betfair International), Сисал (Sisal), Аџарабет (Adjarabet) и Џангл Гејмс (Junglee Games); при што Флуттер Групацијата работи со лиценци во околу 22 држави низ светот.

Флуттер Групацијата има регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за компјутерско програмирање СИНГУЛАР ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Франц Месеснел бр 2 Скопје- Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност – компутерско програмирање (шифра 62.01).

**Макс Бет д.о.о. Нови** Сад е активно како приредувач на игри на среќа. Макс Бет д.о.о. Нови Сад е активно само во малопродажното обложување во Северна Македонија. Макс Бет д.о.о. Нови Сад има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Скупи бр. 1 Г-1 /д.п.1 Скопје-Карпош и регистрирана приоритетна дејност – дејности на коцкање и обложување (шифра 92.00).

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира *општиот пазар за коцкање (вклучувајќи обложување и играње*), на *територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.10.2023 година
Скопје